**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**Бр. 14-6914/3**
**8.12.2005 год**
**СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ... РЕВИЗИЈА
Прим... 09. 12. 2005
Орг. ...
09 665/4

**ДО ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ: Изјава**
**ВРСКА:** ***Ваш број 09-655/1 од 27.09.2005 година***

Почитувани,

Во врска со извршената ревизија за успешност на изворите и користењето на средствата за купување - изградба на лаборатории за Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за економија, ја даваме оваа Изјава со цел да ги појасниме намерите и роковите за преземените мерки по Предходниот Извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешност и изворите на користење на средствата за купување/изградба на лабораторија за метрологија- Биро за метрологија, орган во состав на Министерството за економија.

**1.** Во однос на наодот и препораката бр. 1, со кој се констатира дека Министерството за економија нема формирано надзорен орган, поред објаснувањата што ги дадовме во Мислењето под бр.14-6914/2 од 14.10.2005 година, Министерството за економија постапи по дадените Препораки, односно превзема повеќе активности за обезбедување стручен надзор за технички преглед на работите на изведувачот КГМ Инжинеринг ДОО Скопје, во администретивно - деловниот објект на бул. "Јане Сандански"" бб Скопје, во кој се врши преадаптација на лабараторискиот простор на Биротот за метрологија, орган во состав на Министерството за економија. Во таа насока е направено следното:

Министерството за економија со Барање бр. 14-7033// од 04.10.2005 година се обрати до Министерството за финансии-Биро за јавни набавки за да се одобри претходна согласност, за да може по пат на постапка со преговарање да се ангажира Службата за општи и заеднички работи при Владата на Република Македонија, (која располага со таков кадар) како надзорен орган (доказ барање).

Во меѓусебни консултации се оцени дека Службата за општи и заеднички работи при Владата на Република Македонија, не дава гаранција дека ќе се обезбеди независност при надзорот ако се има во предвид дека истата е орган на Владата на Република Македонија, поради што се поднесе барање до Градежен институт "Македонија" АД Скопје под бр. 14-7374/1од 19.10.2005 година, кој како независен надзорен орган ќе го утврди степенот и квалитетот на извршените работи во наведениот деловен објект (доказ барање). По однос на наведеното барање добиен е одговор бр. 7374/2 од 28.10.2005 година , со кој известуваат дека го прифаќаат барањето и за извршената услуга не бараат надокнада (доказ одговор на барање).

По однос на тоа повторно е поднесено барање за предходна согласност до Министерството за финансии-Биро за јавни набавки по бр. 14-7033/2 од 27.10.2005 година за да одобри предходна согласност односно да може по пат на постапка со преговарање да се ангажира Градежен Институт "Македонија" АД Скопје, како надзорен орган. По однос на тоа добиено е Известување под бр.14-7033/3 од 14.11.2005 година од кое произлегува дека во конкретниот случај не се работи за јавна набавка во смисла на Законот за јавни набавки (доказ известување).

Градежен институт "Македонија"АД Скопје, доставува Извештај под бр. 14-7033/4 од 14.11.2005 година со кој констатира дека објектот е изведен согласно барањата-спецификациите наведени во Основниот договор и Анекс Договорот со Инвеститорот-КГМ Инжинеринг ДОО Скопје, и потребите за инсталирање на опремата во лабораториите наменети за следливост на корисниците на метролошкиот систем во Република Македонија (доказ извештај)..

Од напред наведеното се гледа дека е исполнета обврската по Наодот и Препораката бр. 1 од Извештајот на Ревизијата.

**2.** По однос на вториот Наод и Препорака, а кој е поврзан со член 12 од Основниот договор, согласно на кој е дадена можност за извршени дополнителни работи да може Министерството за економија да склучи Анекс Договор кон Основниот договор за што е приложена и наведената фактура со прилог Спецификација за дополнително извршени работи, се побара да се произнесе Надзорниот орган дали работите наведени во Спецификацијата се извршени , за што веќе наведовме во одговорот од точка 1 дека наведените работи се извршени. Истовремено Анекс Договорот со кој се опфатени дополнително изведените работи од наведената Спецификација е доставен на Мислење до Бирото за метрологија, Секторот за правни работи, Министерството за финансии-Управа за имотно правни работи, Секретаријатот за законодавство при Владата на Република Македонија и Јавното Правобранителство на Република Македонија , по однос на кој е добиено мислење дека нема правни пречки за склучување на Анекс Договорот (доказ мислење).

Со оглед на тоа што Анекс Договорот, треба да се достави на Согласност до Владата на Република Македонија, а во истиот треба да се прецизира точниот износ на вредноста на работите зголемени со ДДВ, Данокот на промет на недвижноста како и Нотарските трошоци за заверка на истиот, поднесено е барање до Собранието на Град Скопје - Комисија за процена на вредноста на недвижниот имот бр. 14-8474/1 од 28.11.2005 година,

после што ќе се достави до Владата на Република Македонија, за согласност за негово склучување, а после тоа и исплаќање на вредноста по истиот (доказ процена на недвижност).

Со тоа сметаме дека е постапено и по Наодот и Препопраката бр.2.

3. Во однос на реализацијата на Наодите од точка 3 сметаме дека нема пречки, односно градежно занаетчиските работи и опремувањето на лабораториите е во завршна фаза, односно е завршено со што се створени услови за ставање во функција на лабараториските простории кои се предмет на овој Договор.

4. Во однос на наодот, односно Препораката бр. 4, иако во Нотарскиот Акт стои дека недвижноста која е предмет на продажба е без забелешки, што значи неоптоварена со обврски, Министерството за економија, обезбеди Изјава бр. 02/2-8144/1 од 14.11.2005 година, од КГМ ДОО Инжинеринг Скопје, во својство на продавач на предметната недвижност, дека истата не е финансиски оптоварена со никакви побарувања и обврски , па и со побарувања и обврски од Управата за цивилна воздушна пловидба, од која побаравте доказ како предходен купувач на истиот простор (доказ изјава).

Тоа значи дека е постапено и по овој Наод односно Препорака.

Оценка на Мининистерството за економија е дека во однос на купувањето и опремувањето на просторот кој е предмет на овој Договор се превземени сите потребни мерки и активности, посебно што се работи за простории кои за прв пат во Република Македонија, се опремуваат по Европски стандарди, а се наменети за чување и одржување на идните македонски еталони и еталонска опрема.

Со тоа сметаме дека се создаваат просторни услови на национални и независни лабаратории за контрола на квалитетот на производите според техничката и друга регулатива на Европската Унија, односно средствата што Република Македонија ги вложи за нивно обезбедување, односно купување, како и опремата што ја даде Европската Агенција за реконструкција, ја оправдаа целта за која беа наменети, и ќе допринесат за напредокот на Република Македонија и нејзиното интегрирање во Европската Унија.

Благодариме за соработката,

Со почит,

Прилог: 8

**МИНИСТЕР,**

*м-р Фатмир Бесими*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ